РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1189/3
16-03-2026

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29 - та седница одржана на ден 10.03.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-2343/1 од 03.09.2025 година, против службеното лице ----------, член на Советот на општина ------ и член на Управен одбор при Државниот Студентски дом „-----------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата се потврдуваат и спроведе постапка за порамнување согласно со одредбите од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси и Законот за прекршоците со што службеното лице има извршено уплата на пропишаните глоби.

Согласно со член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси да се достави известување до Владата на Република Северна Македонија.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## **О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со бр.09-2343/1 од 03.09.2025 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител, со наводи за постоење судир на интереси за неспоивост на функции по однос на избрани и именувани лица. Имено, во пријавата станува збор за службеното лице -----------------, кој е вработен како професор по предметот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

историја во СОУ „ ---------, активен советник во Советот на општина ---------- и именуван од страна на Владата на РСМ, за член на Управен одбор при Државниот Студенстски дом „ -----------------------------".
Заради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија прибираше документација и информации, по што го утврди следното:
Лицето ------------ е избран за член на Советот на општина --------- со Одлука за верификација на мандатите на членовите на Советот на општина -------- бр. 09-2512/3 од 28.10.2021 година од страна на Советот на општина --------, според резултатите од изборите за членови на Советот на општина -------- одржани на 17 – ти октомври 2021 година. Исто така, лицето е именувано и за вршење на функцијата член на Управниот одбор на Државниот студентски дом „---------- со Решение бр. 18-6159/1 од 24.06.2025 година донесено од страна на Владата на РСМ.
Наведената состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од истиот Закон.
Државната комисија исто така изврши поверка во Административната алатка на ДКСК на поднесени Изјави за имотна состојба и интереси, при што констатира дека службеното лице ------------ во законскиот рок од 30 дена од денот на именувањето на функцијата член на Управниот одбор на Државниот студентски дом „--------------- со Решение бр. 18-6159/1 од 24.06.2025 година, нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија.
Наведената состојба е спротивна на член 82 став (1) од ЗСКСИ а казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот Закон.
Согласно наведеното, Државната комисија констатира дека од страна на лицето ------------- е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) до именувананиот достави два записника за констатиран прекршок бр. 09-2343/6 и 09-2343/8 од 02.10.2025 година и беше понудена постапка за порамнување со издавање на два прекршочни платни налози бр. 09-2343/7 и 09-2343/9 од 02.10.2025 година. Во законски предвидениот рок, службеното лице ----------- ја извести Државната комисија со доказ две уплатници ПП50 бр.09-2343/10 и бр.09-2343/10 од 10.10.2025 година за извршената уплата на предвидените глоби.
Врз основа на наведеното, имајќи предвид дека службеното лице ------------- ги прекршил одредбите од член 82 став (1) од ЗСКСИ, односно после именување на функцијата член на Управниот одбор на Државниот студентски дом ----------- **не поднел изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија ни после извршена уплата на предвидената глоба**, согласно со член 24 став (1) и (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси Државната комисија ќе

достави известување до Владата на Република Северна Македонија како надлежен орган за именување на наведената функција.

Надлежниот орган е должен по доставеното известување за утврдената повреда од став (1) писмено да ја извести Државната комсија за преземените мерки во рок од 60 дена од денот на добивање на известувањето.

Со преземање на горенаведените дејствија и мерки од страна на ДКСК нема елементи за натамошно постапување, поради што на 29 - та седница одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З, раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

